OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 27 ноември 2018 година

**Нова верзија на апликацијата за мобилно банкарство на Охридска банка Сосиете Женерал**

## „Моја банка“ со модерен изглед и оптимизирано корисничко искуство

Мобилното банкарство на Охридска банка Сосиете Женерал доби нов изглед и нови дополнителни функционалности.
Земајќи ги во предвид и барањата на корисниците, надградената апликација која е лесна за навигација, има бројни опции и нуди подобро корисничко искуство, секогаш во чекор со најновите трендови во мобилното банкарство, сѐ со цел задоволување на потребите на клиентите и овозможување на одлично корисничко искуство.

Надградената апликација „Моја Банка“, покрај постоечките, ги нуди и следните дополнителни функционалности: можност за менаџирање на дневниот лимит на картичка за плаќања на продажни места и за банкомати; како и известувања за направени трансакции – нотификации за приливи/одливи од трансакциска сметка и за трансакциите направени со картичка. Овие известувања ќе се добиваат во форма на push нотификации и за кои е потребно коирсникот да биде поврзан на Интернет. Исто така, нова опција е и Локаторот на продажни места за плаќања на рати со кредитните картички на Охридска банка Сосиете Женерал, каде што корисникот ќе има преглед на информации поврзани со продажното место (работно време и контакт податоци) како и локација на мапа.

Новата верзија на апликацијата Моја Банка достапна е за корисниците на Android и може да се преземе од Google Play Store без надомест.

Повеќе информации можете да прочитате на следниот линк.

М

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013